# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 2 | КОЧАНИ, 30 ЈАНУАРИ 2026 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 30.01.2026 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 30.01.2026 година, и тоа:

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик, Бр.09-287/1
2. Правилник за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ), Бр.09-287/2
3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани, Бр.09-288/1
4. Правилник за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ) , Бр.09-288/2
5. Одлука за изведување на спомен обележје “Патека на бесконечноста за 63-те ангели” , Бр.09-276/1
6. Заклучок во врска со одлуката за изведување на спомен обележје “Патека на бесконечноста за 63-те ангели”, Бр.09-276/2
7. Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-278/1
8. Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на општина Кочани, Бр.09-280/1
9. Одлука за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани, Бр.09-285/1
10. Одлука за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-289/1
11. Одлука за именување членови на Управниот одбор на КЈП„Водовод“- Кочани, Бр.09-292/1
12. Заклучок во врска со Предлог-кандидатите за членови на управниот, односно надзорниот одбор на КЈП„Водовод“- Кочани, Бр.09-292/2

13. Заклучок за усвојување на извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2025 година, Бр.09-277/1
14. Заклучок за усвојување на Збирен извештај за извршрн попис на постојаните средства, попис на ситен инвентар , попис на побарувања и обврски, како и попис на парични средства на сметките и благајната од страна на пописните комисии формирани со решение бр.05-1675/2, бр.05-1675/6, бр.05-1675/4 и бр.05-1675/2 од 28.11.2025 година, Бр.09-279/1
15. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр.09-281/1
16. Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2026-2027 година, Бр.09-282/1
17. Заклучок за усвојување на Планот за работа – активности на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година, Бр.09-283/1
18. Заклучок за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани за усвојување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП Водовод Кочани за 2026 година, Бр.09-284/1
19. Решение за именување командант, началник и членови на Штабот за заштита и спасување, Бр.09-286/1
20. Решение за разрешување и имеување членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“- Кочани од основачот, Бр.09-290/1
21. Решение за разрешување и имеување членови на Училишниот одбор на СОУ „Љупчо Сантов”- Кочани од основачот, Бр.09-291/1

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08- 293/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани
Владко Грозданов

Врз основа на чл. 36, став 1, т. 15, а во врска со чл. 21, став 1 и чл. 22, став 1, т. 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 3, став 3, и чл. 1 и член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик

### Член 1

По членот 2 се додава нов став 2 кој гласи: „Под состојба на социјален ризик се подразбира состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот, семејството и одредена група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој Правилник се: мајчинство, болест – заболени лица од карцином со констатирана дијагноза не постара од една година или појава на рецидив карцином не постара од година, старост, смрт, повреда и попреченост.“

### Член 2

Во членот 5, став 1, точка 8 по алинејата пет се додава нова алинеја која гласи: „– Потврда од матичен лекар дека лицето заболено од карцином е со дијагноза не постара од една година или појава на рецедив карцином не постара од година.“

### Член 3

Во член 8, ставот 2 се менува и гласи: „Заради проверка на основаноста на поднесеното барање, Комисијата, ако оцени дека има потреба, врши увид на лице место со цел да ја утврди фактичката состојба на подносителот, односно неговото семејство. Согласно увидот и доставената писмена документација, Комисијата предлага износ за помош не повисок од минималната просечна месечна плата на работник во државата.“

### Член 4

Се задолжува Секторот за правни, јавни дејности и општи работи да изготви пречистен текст на Правилникот за уредувањенапоблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик и со Заклучок за објавување на Градоначалникот да биде објавен во „Службен гласник на Општина Кочани“.

### Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани.“

Бр.09- 287/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик (Службен гласник на Општина Кочани бр.02/2026) Секторот за правни, јавни дејности и општи работи при Општина Кочани изготви Пречистен текст на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик. Пречистениот текст на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик, опфаќа: Правилник за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик (Службен гласник на Општина Кочани бр.4/2023) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик (Службен гласник на Општина Кочани бр.02/2026)

Бр. 09-287/2
30.01.2026 година
Кочани

Сектор за правни, јавни дејности и општи работи
Помошник раководител
Анна Кралева,ср

# П Р А В И Л Н И К
за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик, жители на општина Кочани.
Основната цел која се очекува да се постигне преку доделувањето на овој вид на помош е во исклучително тешки ситуации да им се помогне на лицата односно семејства кои минуваат низ тежок период заради болест, смрт на член од семејството, старост, елементарна непогода, а истите немаат финансиски средства за да ги покријат истите.

Член 2

Право на еднократна помош има лице кое е од социјално загрозено семејство, а дополнително се нашло во сосотојба на социјален ризик или поради одредени причини и покрај тоа што не било од социјално загрозено семејство се нашло во состојба на социјален ризик.
Под состојба на социјален ризик се подразбира состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој Правилник се: мајчинство, болест – заболени лица од карцином со констатирана дијагноза непостара од една година или појава на рецедив карцином непостара од година, старост, смрт, повреда и попреченост.

Член 3

Социјалната помош во вид на еднократна парична помош за социјално загрозени лица или лица кои се нашле во состојба на социјален ризик, жители на Општина Кочани, ја доделува Градоначаникот на Општина Кочани со донесување на Одлука.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува најмалку 10.000 денари, највеќе до висина на минималната плата .

Помошта може да се користи еднаш годишно.

Средствата за доделување на социјална помош во вид еднократна парична помош на социјално загрозени лица или лица во социјален ризик се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани.

Член 4

Барањето за остварување на еднократна помош во вид на вид еднократна парична помош на социјално загрозени лица или семејства во социјален ризик се поднесува во архивата на Општина Кочани.

Член 5

Подносителот на барањето за остварување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица или семејства во социјален ризик кон Барањето треба да достави:

1.Изјава за семејната состојба, во оригинал, дадена под морална, материјална и кривична одговорност од барателот

2.Изјава за користење на лични податоци, во оригинал –од барателот и неговиот брачен/вонбрачен другар

3.Лична карта од барателот и неговиот брачен партнер (фотокопија)

4.Извод од матичната книга на венчаните, во фотокопија – ако барателот е во брачна зедница, изјава за својот

5.Извод од матична книга на умрените, за починат член од семејството

6.Потврда за користење на надоместок за попреченеост ако подносителот е лице со попреченост или има член во семејството кое е лице со попреченост

7.Писмен доказ за докажување на социјалниот статус на барателот и неговото семејство. За докажување на социјалниот статус на барателот и неговото семејство потребно е да се исполнуваат најмалку еден од следните услови:

– Потврда за користење на социјална парична помош (ГМП) - се докажува со доставување на потврда од Центарот за социјална работа- во оригинал, не постара од 1 месец

– Потврда за невработеност на барателот и неговиот брачен/вонбрачен – се докажува со доставување на потврда од Центар за вработување Кочани, не постара од 1 месец

– Уверение за пријавени и остварени приходи од Управа за јавни приходи за последната година- во оригинал за сите возрасни членови од семејството, не постар од 1 месец

– Потврда за остварена пензија за пензионери, не постара од еден месец

– Потврда за примена месечна плата на барателот и останатите членови од семејството до колку се вработени, не постари од еден месец

– Потврда дека член на семејството е ученик или студент.

8.Дополнителни прилози за докажување на состојбата на социјален ризик:

– Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава и сл), до колку лицето претрпело елементарна непогода;

– Медицинска документација од специјалист (извештаи од специјалист, конзилијарно мислење, профактура од болница во земјата и странство за одредена интервенција или лекување) до колку оподносителот или член од семејството се тешко болни;.

– Медицинска документација од матичен доктор за потреба од лекување и дијагноза на болеста на подносителот или

членови на неговото семејство до колку социјалниот ризик е болест;

– Решение од надлежен центар за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој на барателот или член на неговото семејство, до колку социјалниот ризик е лекување на лице со попреченост;

– Известување за потребата од помош за осудено лице по отпуштање од установата за извршување на казната како и од донесено решение на судијата за извршување на санкции, до колку подносителот или член на неговото семејство е лице со попреченост;

– Потврда од матичен лекар дека лицето заболено од карцином е со дијагноза непостара од една година или појава на рецедив карцином непостара од година.

Подносителот на Барањето е должен да дава точни податоци.

Ако се утврди дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци, истиот го губи правото согласно овој правилник.

За корисниците на правото од социјална заштита, фактичката состојба, односно комплетноста и валидноста на документите се утврдува согласно доставените документи кои се доказ во предметот, а ќе да се врши и увид на лице место.

Барањето може да биде одбиено иако документите се комплетни, ако комисијата утврди дека нема исклучителен социјален ризик.

Документите се доказ во постапката и не се враќат на барателот.

Документите за доделување на еднократна парична помош ги разгледува трочлена комисија составена од страна на Градоначалникот на Општина Кочани. Комисијата има право да врши и увид на лице место.

Член 6

Овој вид помош ќе се планира и реализира во согласност со Програмата за спроведување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани за секоја буџетска година.

Член 7

Доколку правото на еднократна парична помош ја искористило еден член од семејството, другите членови немаат право на еднократна парична помош во текот на годината.

Член 8

Барањето за одобрување на еднократна парична помош на лица од социјално загрозени семејства или лица кои се нашле во положба на социјален ризик го разгледува комисија формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација со мандат од 4 години.

Заради проверка на основаноста на поднесеното барање, Комисијата, ако оцени дека има потреба, врши увид на лице место со цел да ја утврди фактичката состојба на подносителот, односно неговото семејтвото.

Согласно увидот и доставената писмена документација, Комисијата предлага износ за помош не повисок од минилалната просечна месечна плата на работник во државата.

Врз основа на записникот на Комисијата и приложените докази, доколку истото е основано, Градоначалникот донесува одлука со која на барателот му одобрува еднократна парична помош согласно сумата предложена во записникот, утврдена од страна на комисијата.

Доколку барањето е некомплетно, нецелосно или неосновано, Градоначалникот ќе донесе одлука за неприфаќање на истото.

За донесената одлука од Градоначалникот се известува барателот.

Член 9

Против одлуката на Градоначалникот за доделување на еднократна парична помош може да се поднесе приговор во рок од 3

(три) дена од денот на приемот на одлуката.
Приговорот го разгледува комисија формирана од Градоначалникот од редот на администрацијата со мандат од 4 години.
Комисијата го разгледува приговорот во рок од три работни дена и за својата работа составува записник во кој дава предлог за основаноста или неоснованоста на поднесениот приговор и истиот го доставува до Градоначалникот.
Постапувајќи по записникот на комисијата за разгледување на поднесениот приговор, Градоначалникот донесува Решение за прифаќање или за неприфаќање на приговорот.
Градоначалникот одлучува по поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот во архивата на Општина Кочани.
Решението на Градоначалникот е конечно.

Член 10
Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

Член 11
Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15, а во врска со членот 21 и членот 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11, став 1, алинеи 1 и 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани

Член 1
Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 13/2017, бр. 1/2018, бр. 01/2022, бр. 1/2023)

Член 2
Во членот 2, ставот 3 се менува и гласи:
„Финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови е во висина до:
– 2.000,00 денари за корисници на социјална пензија,
– 3.000,00 денари за повредени лица од пожарот во дискотеката „Пулс“ со повреди од над 2. (втор) степен, лица со попреченост и ретки болести, деца сместени во згрижувачки семејства и деца без родители и родителска грижа,
– 1.500,00 денари по член на семејство за лица болни од ковид-19 или други заразни болести.“

Во членот 3, ставот 1 се менува и гласи:
„За остварување на правото за доделување финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, односно за обезбедување карта за превоз заради лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани, барателот треба да исполнува еден од следните услови:
– да е невработено лице
– да е корисник на социјална парична помош
– да е корисник на социјална пензија
– да е лице заболено од карцином
– да не остварува приходи по каков било основ
– да е лице со попреченост или лице заболено од ретки болести
– да е лице болно од ковид-19 или од друга заразна болест
– да е лице со попреченост (невработено)
– да е дете од згрижувачко семејство
– да е дете без родители и родителска грижа или да е
– повредено лице од пожарот во дискотеката „Пулс“ со повреди од над 2. (втор) степен.“

Во членот 3, ставот 2 се брише.

Член 3

Во член 4 став 1 алинеја 5 се менува и гласи:
– медицинска документација за степенот на повредата од изгореници на повредено лице од пожарот во дискотеката „Пулс“ (во фотокопија),

Во членот 4, став 2, алинеја 4 се брише.

Во член 4 став 3 се менува и гласи: „За лицата кои се лица со ретки болести, деца од згрижувачки семејства, деца без родители и родителска грижа и лица повредени од пожарот во дискотеката „Пулс“ со повреди од над 2. (втор) степен не се бара да ги исполнуваат и докажуваат условите за социјален статус утврдени со овој Правилник.“

Член 4

Во членот 5, став 2 се брише.

Член 5

Во членот 6, став 2, текстот кој гласи: „Болните од карцином кои имаат препишано хемотерапија или радиотерапија од страна на лекар специјалист можат да користат до 5 карти месечно за едно лице“ се брише.

Член 6

Се задолжува Секторот за правни, јавни дејности и општи работи да изготви пречистен текст на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани и со Заклучок за објавување на Градоначалникот да биде објавен во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани.“

Бр.09- 288/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на Општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр. 02/2026), Секторот за правни, јавни дејности и општи работи при Општина Кочани изготви Пречистен текст на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани.

Пречистениот текст на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на Општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани ги опфаќа: Правилник за уредување на начинот и условите на доделување финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017), Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр.1/2018) , Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр.01/2022 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр.1/2023).

Бр.09-288/2
30.01.2026 година
Кочани

Сектор за правни, јавни дејности и општи работи
Помошник раководител
Анна Кралева,ср

ПРАВИЛНИК
за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на Општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани.

Основната цел која се очекува да се постигне преку доделувањето на овој вид на помош е набавувањена транспарентна, социјална, достапна, ефикасна и квалитетна мерка за потребите на корисникот кој е материјално необезбеден и нема средства за егзистенција или се нашол во состојба на социјален ризик.

Под специјализирани установи надвор од градот Кочани се мисли на јавни здравствени установи/заводи за рехабилитација, специјализирани здравствени установи - заводи, општи болници, здравствени домови, центри, клиники, специјални болници, психијатриски болници и останати здравствени установи во Република Северна Македонија; казнено – поправни установи и воспитно - поправни домови во Република Северна Македонија; институции за грижа на деца без родители и родителска грижа/дом за деца без родители во Република Северна Македонија.

Под лице кое е во состојба на социјален ризик се мисли на состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството, која може да дојде во потреба од социјална помош поради болест (од карцином, ковид, заразни болести, ретки болести) или поради имање на долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања (лица со попреченост) кои во интеракција со различни пречки може да го спречат целосно и ефикасно учество на таквото лице во општеството на еднаква основа со другите.

Право на користење и утврдување висина на финасиската помош

Член 2

Правото на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена институција надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани се определува и ќе се реализира во согласност со Програмата за спроведување социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани за секоја буџетска година.

Финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани ја доделува Градоначалникот на Општина Кочани на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик од општина Кочани.

Финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови е во висина до:

- 2.000,00 денари за корисници на социјална пензија,
- 3.000,00 денари за повредени лица од пожарот во дискотеката „Пулс" со повреди од над 2-ра степен, лица со попреченост и ретки болести, деца сместени во згрижувачки семејства и деца без родители и родителска грижа,
- 1.500,00 денари по член на семејство за лица болни од Ковид-19 или други заразни болести.

Финансиската помош за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани е во висина на цената на автобуска карта во еден правец или за повратна карта според потребите на барателот.

Средствата за доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена институција надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани.

Начин и услови за користење на финансиската помош

Член 3

За остварување на правото за доделување на финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, односно за обезбедување на карта за превоз заради лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани, барателот треба да исполнува еден од следните услови:

– да е невработено лице;
– да е корисник на социјална парична помош;
– да е корисник на социјална пензија;
– да е лице заболено од карцином;
– да не остварува приходи по каков било основ;
– да е лице со попреченост или лице заболено од ретки болести
– да е лице болно од ковид-19 или од друга заразна болест,
– да е лице со попреченост (невработено);
– да е дете од згрижувачко семејство;
– да е дете без родители и родителска грижа или да е
– повредено лице од пожарот во дискотеката „Пулс" со повреди од над 2. (втор) степен.

Потребни документи за остварување на правото на финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови

Член 4

За остварување на правото за доделување на финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, барателот поднесува барање во архивата на Општина Кочани, а кон истото приложува:

– фотокопија од лична карта,
– изјава за давање на согласност за користење на лични податоци, во оригинал,
– изјава за семејна состојба, во оригинал,
– оригинален рецепт на увид и фотокопија од него, за лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, издадена од матичен лекар или доктор специјалист, непостара од 1 (еден) месец,
– медицинска документација за степенот на повредата од изгореници на повредено лице од пожарот во дискотека Пулс (во фотокопија),
– за лице корисник на социјлна пензија се доставува релевантен писмен доказ издаден од надлежен орган (пример Решение за

категоризација на лицето или потврда дека користи посебен додаток);
– за лице со попреченост или за лице заболено од ретки болести се доставува релевантен писмен доказ издаден од надлежен орган (пример потврда од матичен лекар дека лицето е на регистерот за ретки болести) и
– за лице болно од ковид-19 се доставува копие од решението дека лицето е позитивно на ковид и му е одредено лекување и изолација во домашни услови, а за лице заболено од друга заразна болест се доставува потврда од матичен лекар во оригинал.
За докажување на социјалниот статус барателот доставува:
– Потврда дека е невработено лице за барателот и за брачниот/вонбрачниот другар и за лица со пречки во развојот- издадена од Агенцијата за вработување на РМ (оригинал);
– За деца сместени во згрижувачки семејства се доставува писмен доказ (решение и сл) од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кочани дека децата се сместени во згрижувачко семејство;
– За деца без родители и родителска грижа“ се доставува писмен доказ дека децата се без родители и родителска грижа, од МУЦСР или установата за деца без родители и родителска грижа.

За лицата кои се лица со ретки болести, деца од згрижувачки семејства, деца без родители и родителска грижа и лица повредени од пожарот во дискотеката „Пулс“ со повреди од над 2. (втор) степен не се бара да ги исполнуваат и докажуваат условите за социјален статус утврдени со овој Правилник.
За малолетни лица подносител на барањето е родителот/старателот, односно корисник на правото е родителот/старателот.
Потребни документи за остварување на правото на финансиската помош за набавување на карта за превоз заради лекување во здравствена институција надвор од градот Кочани и карта за превоз на лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани

Член 5

За остварување на правото за доделување на финансиската помош за обезбедување на карта за превоз заради лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани барателот поднесува барање во архивата на Општина Кочани, а кон истото приложува:
– фотокопија од лична карта,
– изјава за давање на согласност за користење на лични податоци, во оригинал,
– изјава за семејна состојба, во оригинал,
– упат од матичен лекар или доктор специјалист за лекување или контролен преглед во во здравствена установа надвор од градот Кочани, се доставува во оригинал на увид и фотокопија за предметот (за барателите кои имаат потреба од лекување/контролен преглед во здравствена установа надвор од градот Кочани),
- медицинска документација со дијагноза на болеста (за лицата болни од карцином) извештај од специјалист не постар од една година и потврда од матичен лекар со дата на дијагностицирање на болеста (се доставува во оригинал на увид и еден примерок во фотокопија),
– релевантен писмен доказ во оригинал (потврда) дека барателот е сместен во специјализирана установа надвор од градот Кочани (за лицата сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани).

За докажување на социјалниот статус барателот доставува:
– Потврда дека е невработено лице за барателот и за брачниот/вонбрачниот партнер- издадена од Агенцијата за вработување на РМ (оригинал);

– Потврда дека е корисник на социјална парична помош- издадена од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кочани (оригинал);
– Потврда дека е корисник на постојана парична помош – издадена од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кочани (оригинал);
– Уверение за пријавени и остварени приходи од Управа за јавни приходи за последната година – во оригинал за барателот и за брачниот/вонбрачниот партнер.

За лицата кои се во социјален ризик не се бара да ги исполнуваат и докажуваат условите за социјален статус утврдени со овој Правилник.

Доколку болното лице има потреба од придружба при патувањето, кое нешто е видно од медицинската документација Градоначалникот на Општина Кочани одобрува финансиска помош за обезбедување на карта за превоз и за лицето кое го придружува. Доколку болното лице е малолетно лице, Градоначалникот на Општина Кочани одобрува финансиска помош за обезбедување на карта за превоз за малолетното лице и за лицето кое го придружува – родителот/старателот.

За лице сместено во специјализирана установа надвор од градот Кочани кое има потреба од придружба при патувањето, кое нешто е видно од медицинската документација Градоначалникот на Општина Кочани одобрува финансиска помош за обезбедување на карта за превоз за лицето сместено во специјализирана установа надвор од градот Кочани и за лицето кое го придружува. Доколку лицето сместено во специјализирана установа надвор од градот Кочани е малолетно лице, Градоначалникот на Општина Кочани одобрува финансиска помош за обезбедување на карта за превоз за малолетното лице и за лицето кое го придружува – родителот/старателот.

За малолетни лица подносител на барањето е родителот/старателот, односно корисник на правото е родителот/старателот.

Други услови

Член 6

(1) Правото на финансиска помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, може да се користи на следниот начин во тековната година:

– еднаш во пет месеци за лица во социјално загрозена состојба,
– еднаш во четири месеци за лица болни од карцином, лица со попреченост и лица со ретки болести и
– еднократно за лицата болни од ковид-19 или од други заразни болести и оваа помош се доделува за секој член од семејството/домаќинството.

(2) Правото на финансиска помош за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани, секој барател во социјално загрозена состојба и секој барател во социјален ризик, може да го искористи само еднаш во три месеци во тековната година.

(3) За лицата кои се во социјален ризик освен лицата со попреченост не се бара да ги исполнуваат и докажуваат условите за социјален статус утврдени со овој Правилник.

Член 7

Правото на користење на финансиска помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови не го исклучува истовременото користење на правото на финансиска помош за набавувањена карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и обратно.

Член 8

Овој вид на финансиска помош наменета за помагање на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани, се доделува само на жители на Општина Кочани, односно барателот и неговиот брачен/вонбрачен другар се жители на Општина Кочани.

Разгледување на поднесеното барање и донесување на одлука за користење

Член 9

За приемот на барањето и разгледување на поднесената документација се составува Записник.

Подносителот на Барањето е должен да дава точни податоци.

Ако се утврди дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци, истиот го губи правото согласно овој правилник.

Врз основа на поднесеното барање и приложените докази кон барањето, доколку истото е основано, ги содржи сите потребни документи и е поднесено во согласност со условите од овој Правилник, Градоначалникот ќе донесе одлука со која на барателот ќе му одобри и додели финансиската помош за основот за кој е поднесено барањето.

Доколку барањето е некомплетно, нецелосно и не ги исполнува условите од овој Правилник, Градоначалникот ќе донесе одлука за неприфаќање на истото.

За донесената одлука се известува барателот.

Член 10

Барателот на финансиската помош за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа, може во било која аптека во општина Кочани да ги подигне лековите со доставување на Одлуката донесена од Градоначалникот за доделување на финасиска помош за лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови (во оригинал) и во висина на износот одобрен со одлуката од Градоначалнилот.

За подигнатите лекови во висината на одобрениот износ согласно доставената одлука од Градоначалникот на Општина Кочани аптеката доставува фактура до Општина Кочани со податоци за корисниците.

Член 11

Барателот на финансиската помош за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани, може да користи превоз на релацијата наведена во Одлуката донесена од Градоначалникот која барателот ја доставува во оригинал до превозникот. Доколку е потребно и придружба на барателот, во Одлуката на Градоначалникот се одобрува карта за превоз на наведената релација и за придружникот.

За извршениот превоз превозникот доставува фактура до Општина Кочани со податоци за корисниците.

Член 12

Општината Кочани не ги обврзува барателите да подигаат лекови само од една аптека. Ова право барателите можат да го остварат од било која аптека која се наоѓа на подрачјето на Општина Кочани, а врз основа на Одлуката донесена од Градоначалникот со која му се доделува право на користење на барателот уредено според овој правилник.

Правото на финансиската помош за обезбедување на карта за превоз со или без придружба, за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани

установи надвор од градот Кочани барателот може да го искористи врз основа на Одлуката донесена од Градоначалникот со која му се доделува ова право согласно условите од овој правилник, по единичната цена на автобуска карта за наведената релација од едно лице во еден или правец или повратна карта.

Член 13

Против одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката.

Приговорот го разгледува комисија формирана од Градоначалникот од редот на администрацијата со мандат од 4 години.

Комисијата го разгледува приговорот во рок од три работни дена и за својата работа составува записник во кој дава предлог за основаноста или неоснованоста на поднесениот приговор и истиот го доставува до Градоначалникот.

Постапувајќи по записникот на комисијата за разгледување на поднесениот приговор, Градоначалникот на Општина Кочани донесува Решение за прифаќање или за неприфаќање на приговорот.

Градоначалникот одлучува по поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот во архивата на Општина Кочани.

Решението на Градоначалникот е конечно.

Измени и дополнување на овој правилник

Член 14

Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изготвил: Анна Кралева
Согласен: Голубинка Георгиева
Контролирал: Венцо Бојков
Одобрил: Драган Ананиев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со членот 73 и членот 74 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25,17/25 и 87/25), и членот 6, став 1, алинеја 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.55/18), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за изведување на спомен-обележје „Патека на бесконечноста за 63-те ангели“

Член 1

Со оваа одлука се дефинира изведувањето на спомен-обележје кое не е предвидено со урбанистичко-планска документација.

Член 2

Просторот за изведување на спомен-обележјето „Патека на бесконечноста за 63-те ангели“, претставува дел од КП бр. 12179 КО Кочани со вкупна површина од 1.053 м2 и максимална висина 3 м. Локацијата за изведување е помеѓу ул. „Кеј на револуцијата“ и ул. „Браќа Ставреви“.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог за локацијата на спомен-обележјето.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 276/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
во врска со Одлуката за изведување на спомен-обележје „Патека на бесконечноста за 63-те ангели“

I.

1. Советот на Општина Кочани бара да се формира работна група која ќе ја следи имплементацијата на проектот и повратно ќе ги информира јавноста и Советот на Општина Кочани во следниот состав: Градоначалник на Општина Кочани, еден член од Советот на Општина Кочани, еден член од Здружението што го предлага проектот, еден член од општинската администрација и еден надворешен член кој е стручен за истата област.
2. Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да ја формира работната група.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 276/2
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

ПРИЛОГ - ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА



Врз основа на членот 36, став 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002) и член 34 став 4 од Законот за буџети („Сл. весник на РМ“ 64/2005,4/2008,103/08,156/09,95/110,180/11,171/12,192/15 и 167/16) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021 и 3/25, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоред на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2026 година ,на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ. | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

| | |
|---|---|
| 742111 Приходи од Обединетите нации | 3.000.000 |

и се распределуваат на следните расходни потставки:

| | |
|---|---|
| **ЈГА Изградба на системи за водоснабдување во општината** | **3.000.000** |
| 482710 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување | 3.000.000 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кочани и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр. 09-278/1
30.01.2026 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Александар Андов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и во согласност со членот 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/03, 62/06,8/09,175/11 и 101/13), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани

Член 1
Советот на Општина Кочани врши расходување на постојани средства и ситен инвентар врз основа на предлозите за расходување на постојани средства од Комисијата за попис на постојаните средства за 2025 година и од Комисијата за вршење попис на ситен инвентар за 2025 година, прифатени од Централната комисија за следење на годишниот попис на Општина Кочани за 2025 година и Градоначалникот на Општина Кочани и тоа:

I.Листа за расходување и отпис на следните основни средства:

1.Клима уреди – 2 броја и тоа: клима инвертер вивакс ацп -24С со шифра: 06856, набавна вредност 126.039 денари, книговодствена вредност 0 и клима фаворит со шифра 24056, набавна вредност 18.069 денари, книговодствена вредност 0. Пописани се во пописна листа бр.15 под број 10 и пописна листа 28 под реден број 13
2.Дрвени столици (донација) -5 броја. Попишани се во пописна листа бр.71 под бр.1 (ТППЕ)

Образложение:
- Ставка 1

Техничката опрема (постара од 6 години) е застарена, не е во функција (неисправна) и не е исплатливо нивно поправање.
- Ставка 2

Постојните средства се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

II. Листа за расходување на нефункционален, застарен ситен инвентар со книговодствена вредност 0:

1.Големи чаши 20 (Пописна листа бр. 39, ставка 12)
2.Шолја-филџан за кафе 9 (Пописна листа бр. 39, ставка 13)
3.Тацна 9 (Пописна листа бр. 39, ставка 14)
4.Агрегат ГЕМ-1 број. Попишан во пописна листа 68 под бр. 42(ТППЕ)
5.Агрегат со моќност од 4.5. Попишан во пописна листа бр.67 под реден број 8 (ТППЕ)
6.Шолја за чај 4 (Пописна листа бр. 39, ставка 15)

Образложение
Ситниот инвентар од реден број 1-6 е застарен, нефункционален, дотраен, неисправен, технички нефункционален и неисплатливо одржување и сервисирање.

Член 2
Постојаните средства и ситниот инвентар од членот 1 на оваа одлука се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, нефункционалност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или за преотстапување на користење на други субјекти, и истите се бришат од понатамошна книговодствена и пописна евиденција.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 280/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани се даваат на трајно управување и користење без надоместок движни ствари во сопственост на Општина Кочани, набавени преку проектот „Подобрување на образовните услови и креирање на навики за заштита на животната средина на учениците од основните училишта во подрачјата со специфични развојни потреби во Источниот Плански Регион“ од страна на Центарот за развој на Источниот Плански Регион за потребите на ПОУ„Раде Кратовче “ во с.Нивичани и тоа:
– Интерактивна табла со сметководствена вредност од 28.245,00 денари со вклучен ДДВ;
– Проектор со сметководствена вредност од 26.432,00 денари со вклучен ДДВ;
– Држач за проектор со сметководствена вредност од 4.720,00 денари со вклучен ДДВ и
– HDMI кабел со сметководствена вредност од 1.180,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 285/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 и членот 22, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со членот 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018, 163/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 86/2020, 67/2022,170/2024, 3/2025; 17/2025 И 101/2025 ) и членот 2, членот 4, став 1, ал. 8 и членот 13 став 1 од Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето

на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија

Член 1

Да се отпочне постапка за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: с. Оризари – м. в. Усова Чешма – м. в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен“ со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна Индустрија со учество од 50 % на Општината во цената на билетот по патник.

Член 2

Линијата со реден број 8 од членот 1 на оваа Одлука, превозникот ќе ја врши на траса определена според следните автобуски стојалишта: Продавница „Јонче“ с. Оризари, Бараки Селиште с. Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – Пешачки мост с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – мост „Витоша“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – пешачки мост, Православен храм „Св. Атанасиј“ с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“, спој на ул. „Тодосија Паунов“ и ул. „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“, Печатница, Атомски згради, ул. „Македонска 1“, ул. „Македонска 2“, „Руен“, „Треска“, Автобуска, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ „Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ „Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен“ со ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви Дом“, х.„Национал“, конфекција „Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица, „Александрија“, „Ледер“, конфекција „Амор“, х. „Национал“, м.в. „Сиви Дом“, „Осоговка“, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в. „Пераклија“, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Автобуска, Треска, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в. Дедово Маало во с. Оризари).

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши со најмалку 4 (четири) поаѓања дневно.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши од понеделник до сабота, без недела и државни празници.

Член 3

За линијата бр. 8: с.Оризари – м. в. Усова Чешма – м. в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен“ со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна Индустрија се утврдува максимална единична цена за билет по патник која изнесува 20 денари со ДДВ, согласно Одлуката за утврдување максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 4/2019) донесена од Советот на Општина Кочани.

Конечната единична цена за билет по патник за превоз на наведената линија ја утврдува превозникот (понудувачот) во рамки на максимално утврдените цени за општински линиски превоз на патници што ги утврдил Советот на Општина Кочани со Одлука за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен

гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019) и согласно чл.4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани бр.09-923/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019).

Општина Кочани ќе учествува со 50 % во цената на билетот за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8: с. Оризари – м.в. Усова Чешма – м. в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен“ со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна Индустрија, а останатите 50 % од цената на билетот на превозникот ќе му бидат платени од патникот со купување на билет за превоз на наведената релација.

Член 4

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с. Оризари – м.в. Усова Чешма – м. в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен“ со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна Индустрија за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50 % на Општината во цената на билетот по патник ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с. Оризари – м. в. Усова чешма – м. в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна Индустрија за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50 % на Општината во цената на билетот по патник да се спроведе по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки, Законот за превоз во патниот сообраќај, Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019) и другите законски и подзаконски акти и со избраниот најповолен понудувач да се склучи договор.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да го склучи договорот со избраниот превозник како најповолен понудувач во спроведената постапка, како и да склучува анекси на основниот договор (договор/и за изменување на основниот договор) во случаи утврдени со Законот за јавните набавки.

Договорот со избраниот најповолен понудувач (превозник) ќе се склучи со времетраење од 2 години, кое ќе почне да тече од денот на склучувањето.

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Кочани за 2026 година, вкупната вредност на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 изнесува 2.285.714,00 денари, односно 2.400.000,00 денари со ДДВ за период од 2 (две) години.

Средствата за реализација на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 која ќе ја распредели Општината ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година од 2026 – 2028 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 289/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 82/2020; 89/2022; 274/2022; 208/2024 и 193/2025), И членот 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за именување членови на Управен одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани

I.

За членови на Управен одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани се именуваат:

1. Ана Величкова Данева
2. Драганчо Ставрев
3. Румена Тодорова
4. Зоран Беличев
5. Драгица Санданска

II.

Решението влегува во сила со денот на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 292/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## во врска со предлог-кандидатите за членови на Управниот, односно надзорниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани

I.

Советот на Општина Кочани бара Комисија за селекција на членови на управен и надзорен одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани да ја повтори постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани, со оглед на фактот дека се немаат пријавено доволен број кандидати за членови на Надзорниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани кои ги исполнуваат условите.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 292/2
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период IV квартал 2025 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV квартал 2025 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 277/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Збирен извештај за извршен попис на постојаните средства, попис на ситен инвентар, попис на побарувања и обврски, како и попис на парични средства на сметките и благајната од страна на пописните комисии формирани со решение бр. 05-1675/2, бр. 05-1675/6, бр. 05-1675/4 и бр. 05-1675/2 од 28.11.2025 година

I.

Се усвојува Збирниот извештај за извршен попис на постојаните средства, попис на ситен инвентар, попис на побарувања и обврски, како и попис на парични средства на сметките и благајната од страна на пописните комисии формирани со решение бр. 05-1675/2, бр. 05-1675/6, бр. 05-1675/4 и бр. 05-1675/2 од 28.11.2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 279/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2025 година

I.

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2025 година.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 281/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2026-2027 година

I.

Се усвојуваат плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2026/2027 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 282/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Планот за работа – активности на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година

I.

1.Се усвојува Планот за работа – активности на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година.

2.Се задолжува КЈП „Водовод“- Кочани да провери дали има директно влевање на фекална вода во Кочанската река и доколку се потврди такво нешто да се преземат мерки за изнаоѓање решение.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 283/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со членот 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022 и 208/2024 и 193/25 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година

I.

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани за усвојување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година, бр. 02-33/4 од 15.01.2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 284/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 110, став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 2/2020; 215/2021 и 124/2025) и членот 10 од Уредбата за видот, големината и организацијата на силите за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2006), член 2 од Одлуката за формирање на просторни сили за заштита и спасување („Службен гласник на Општина Кочани бр.16/08),Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување командант, началник и членови на Штабот за заштита и спасување

I.

За командант на Штабот за заштита и спасување се именува Градоначалникот на Општина Кочани.

II.

За Началник на Штабот за заштита и спасување се именува Командирот на ТППЕ – Кочани.

За помошници на Началникот на Штабот за заштита и спасување се именуваат:

1.За оперативни работи – раководителот на Одделението за локален економски развој и

прекугранична соработка – овластено лице за комуникација со ЦУК – Кочани и други институции.
2.Хуманитарни мерки за заштита и спасување
– за прва медицинска помош – директорот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Кочани.
– за згрижување и евакуацуија – секретарот на Црвен крст – ОО Кочани.

3. Технички мерки за заштита и спасување

За заштита и спасување од пожари:
– Командир на вод во ТППЕ – Кочани
– Командир на ДПД – Кочани

За заштита и спасување од поплави
– Директор на КЈП „Водовод"– Кочани.

4.Помошен персонал
– Ивица Лазаров – член на Советот на Општина Кочани
– Петар Медарски – член на Советот на Општина Кочани.

– Возач – Љупчо Бомбаширски – возач во Општина Кочани.

III.

Материјалните средства на силите за заштита и спасување се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани.

IV.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09- 286/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 88, став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/1995; 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 52/2002; 40/2003; 42/2003; 78/2003; 67/2004; 30/2005; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 71/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 142/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019 229/2020, 269/2023; 78/2025; 132/2025; И 250/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на
СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани

I

1.Од функцијата член на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани, поради истек на мандат се разрешуваат:
– Александра Коцева и
– Александар Шалевски

2.За членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани од основачот, се именуваат:
– Панче Зафиров и
– Ане Стаменков

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09- 290/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 88, став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/1995; 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 52/2002; 40/2003; 42/2003; 78/2003; 67/2004; 30/2005; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 71/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 142/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019 229/2020, 269/2023; 78/2025; 132/2025; И 250/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.01.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Училишниот одбор
на СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани

I

1.Од функцијата член на Училишниот одбор на СОУ „ Љупчо Сантов“ – Кочани, поради истек на мандат се разрешува

– Владо Симионов

2.За член на Училишниот одбор на СОУ „ Љупчо Сантов “ – Кочани од основачот, се именува

– Дарко Јованов

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 291/1
30. 01.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

# СОДРЖИНА

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик, Бр.09-287/1
Стр.3

2. Правилник за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се нашле во положба на социјален ризик (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ), Бр.09-287/2
Стр.4

3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани, Бр.09-288/1
Стр.7

4. Правилник за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани и лица во социјален ризик, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ) , Бр.09-288/2
Стр.9

5. Одлука за изведување на спомен обележје “Патека на бесконечноста за 63-те ангели” , Бр.09-276/1
Стр.15

6. Заклучок во врска со одлуката за изведување на спомен обележје “Патека на бесконечноста за 63-те ангели”, Бр.09-276/2
Стр.16

7. Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-278/1
Стр.18

8. Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на општина Кочани, Бр.09-280/1
Стр.19

9. Одлука за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани, Бр.09-285/1
Стр.20

10. Одлука за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-289/1
Стр.20

11. Одлука за именување членови на Управниот одбор на КЈП„Водовод“- Кочани, Бр.09-292/1
Стр.23

12. Заклучок во врска со Предлог-кандидатите за членови на управниот, односно надзорниот одбор на КЈП„Водовод“- Кочани, Бр.09-292/1
Стр.23

13. Заклучок за усвојување на извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2025 година, Бр.09-277/1
Стр.24

14. Заклучок за усвојување на Збирен извештај за извршрн попис на постојаните средства, попис на ситен инвентар , попис на побарувања и обврски, како и попис на парични средства на сметките и благајната

од страна на пописните комисии формирани со решение бр.05-1675/2, бр.05-1675/6, бр.05-1675/4 и бр.05-1675/2 од 28.11.2025 година, Бр.09-279/1

Стр.24

15. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр.09-281/1

Стр.24

16. Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2026-2027 година, Бр.09-282/1

Стр.25

17. Заклучок за усвојување на Планот за работа – активности на КЈП „Водовод“ – Кочани за 2026 година, Бр.09-283/1

Стр.25

18. Заклучок за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани за усвојување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП Водовод Кочани за 2026 година, Бр.09-284/1

Стр.26

19. Решение за именување командант, началник и членови на Штабот за заштита и спасување, Бр.09-286/1

Стр.26

20. Решение за разрешување и имеување членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“- Кочани од основачот, Бр.09-290/1

Стр.27

21. Решение за разрешување и имеување членови на Училишниот одбор на СОУ „Љупчо Сантов”- Кочани од основачот, Бр.09-291/1

Стр.28